| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Подготовка на животните за во зима |
| **Содржина на денот** | Што е правоаголник |
| **Возраст** | 4-6години |
| **Воспитувач** | Виолета Гаќевска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Правилно миење на рацете и разговор како треба да се однесуваме кога киваме и кашламе (слика 1). |
| **Активност** | Поттикнете го детето да нацрта повеќе форми на триаголник, квадрат, круг и правоаголник, да ги обои и исече со ножички (слика 2 и 3). Поразговарајте за дадените форми и направете споредба меѓу квадратот и правоаголникот по што тие се разликуваат. Дозволете му на детето слободно да поигра и составува фигури од исечените форми (слики 4, 5 и 6).<br>Продолжете со решавање на зададени задачи со два признака каде детето ќе треба да покаже правилно според Вашето барање на форма и боја.<br>Подгответе му на детето танграм на правоаголник направен од четири триаголници и во дадена контура на правоаголник само да пронајде како ќе ги постави за да го состави правоаголникот (слика 7).<br>Играјте ја играта „Погоди кое животно сум” каде детето според слушнатото јавување на животнот треба да го именува. |